Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 317/0306
13.08.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 август 2019 година, врз основа на примена жалба од Бранко Героски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет - порталот Мактел со текстот насловен „Зошто мафијата се реши да го најми Геровски: Потребен им беше непотребен куртон со голем капацитет и со армија мали куртончиња зад себе!“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 13 и 15.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 19 јули 2019 година, новинарот Бранко Героски поднесе жалба за текстот насловен „Зошто мафијата се реши да го најми Геровски: Потребен им беше непотребен куртон со голем капацитет и со армија мали куртончиња зад себе!“, објавен на 18 јули 2019 година, на Интернет – порталот Мактел (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, навреда и клевета. Подносителот на жалбата, Героски вели дека од првата буква во насловот, па сè до последниот збор, текстот бил конструкција од безобзирни лаги, клевети и навреди и дека претставува грубо кршење на стандардите на новинарската професија и моралот, воопшто.

*„Ниту еден од обвинувачките наводи во овој текст не е поткрепен не само со било каков доказ, туку со било што друго што би наликувалчо на било каква назнака дека можеби станува збор за шпекулација или слично – ништо од сето тоа, само голи клевети и навреди! Не само за мене, туку и за многу мои неименувани соработници, кои Ивановски ги нарекува „куртончиња“*, потенцира Героски во поднесената претставка.

Героски, меѓу другото, посочува дека веќе подолго време, сопственикот на порталот Мактел, Саше Ивановски, кој е потпишан на предметниот текст, објавувал клевети, навреди и закани против него.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет – порталот Мактел и побара медиумот да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник на Мактел, Саше Ивановски, одговори на наводите на жалителот.

Ивановски ја отфрла поднесената жалба како неоснована и вели дека и самиот повеќе пати бил мета на клевети во текстовите на новинарот Героски. Во одговорот на жалбата, Ивановски повеќе се осврна на написите на Героски за актуелните судски и политички процеси, отколку на наводите на подносителот на жалбата за оспорениот текст на „Мактел“.

*„Потврда дека мојот текст е точен се гледа и во реалноста, и покрај тоа што Героски води медиска хајка против Кики и Фрики, а за тоа нема докази, и покрај тоа што го брани Орце Камчев, голем дел од медиската заедница не само што не му забележува за тоа, туку го смета и за херој затоа што тој ужива огромен респект кај новинарите затоа што 30 години бил уредник во серија медиуми и голем дел од новинарите му се должни, или ги вработил, или ги направил уредници...“*, вели Ивановски во одговорот на наводите на жалбата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 13, а со мнозинство гласови и во членот 15.

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 август 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст во форма на колумна, во кој авторот изложува низа сериозни обвинувања на сметка на Героски, користи навредлив и непримерен јазик, во насока на професионална дискредитација на новинарот. Содржината на текстот изобилова со паушални коментари и отстуство на факти, кои не нудат објективна информација и согледување на значајни аспекти на темата за која пишува авторот. Во речиси целиот текст, новинарот е во улога на коментатор и изложува лични ставови за Героски и неговата наводна инволвираност во актуелните судско-политички случувања. Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 13** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во следните реченици:

***„Замислете Латас и Миленко да бараа ИМПЕРИЈА да се укине, тоа ќе беше комично. Но кога тоа го бара Геро, многумина ќе се замислат малце и ќе загризаат".***

***„Геро реши во клучниот момент да го продаде сиот свој новинарски капитал и се чини тоа е најголем подарок во моментов за ВМРО-ДПМНЕ и Камчев. Геро мора ова да го наплатил дебело, збориме за стотици илјади евра или пак цврсто ветување дека во новата власт ќе биде министер за информации.***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во продолжение, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен и **членот 15** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Ваквото прекршување е забележително во следните реченици:

***„Сериозна афера може да се креира со употребен куртон како Латас, Миленко, Златев и остала багра. Ти треба неупотребен куртон кој може да држи многу секрети и кој зад себе носи мала армија мали куртончиња“.***

Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа. Новинарот не смее да користи непримерни, вознемирувачки или вулгарни содржини во својата работа.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот на весникот Мактел (www.maktel.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски